

***Томе Вељановски***

Илјада и деветсто втората година

на Велигден денот во Подмол село

Ристе Цоце со Кулета Кено

Лопатичка Река извршија дело

го убија таму Муса Ѕверот

Си остави Ристе невеста Рада

браќа со внуци, тате и мама

комита појде по планини шета

со лошите луѓе да се пресмета.

Од Станбол Царот награда прати,

од педесет лири тој да се фати,

пред Валија, Ристе да се испрати,

Делото што го сторил да се плати.

За куќна слава Свети Ѓорѓија денот

дома си дојде збогум си зеде

Во Кокре ќе оди кај Митре Ќосе,

Со аскерот таму борби да води,

Сардисан Шаќир да го ослободи.

Во Бонче дојде во ноќта глува,

Од снегот влажен обувки суви да си преобува.

Го продолжи патот до Кокре да оди,

Низ Бонче него аскерот го следи.

Со четата Ристе в кула се враќа

На прозори по двајца метериш фаќа,

Аскерот на нишан нив му доаѓа,

Од аскерот тука многу убиени паѓаат.

Аскерот со сила, влегува в кула

Во кошот со жито Ристе го бара,

Од пиштолов истрел еден аскер паѓа,

Со вториот истрел сам се погаѓа,

Не сака Ристе пред аскер жив да поаѓа.